РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основен суд Виница
СУ-37/23
01.12.2023 г.

Врз основа на член 42, 43 и 49 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/2018, 198/18 и 96/19), како и член 46 од Законот за судскиот совет на РМ (Службен весник број 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18), Основниот суд Виница го објавува следниот:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2023
## За избор на судии поротници во Основен суд Виница

Основниот суд Виница има потреба од кандидати за судии поротници кои ќе му ги предложи на Судскиот Совет на РСМ за избор на судии - поротници за време од 4 години.

Заинтересираните кандидати за избор на судија - поротник потребно е да ги исполнуваат условите предвидени во член 42 став 2 и 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 8/06, 62/06, 35/08, 150/10 83/18, 198/19 и 96/19) и тоа:

- за судија-поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Македонија со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години.

Заинтересираните кандидати потребно е со пријавата да ги достават следните документи во оригинал или копија заверена на Нотар:

-Уверение за завршено образование,
-Уверение за државјанство,
-Изјава дека со судија, судија - поротник во овој суд или со член на Судскиот совет на Република Северна Македонија не е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, заверена на Нотар.

Рокот за пријавување на кандидатите е 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот на веб страната на судот и на огласната табла на судот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Заинтересираните кандидати пријавата со потребните документи во прилог можат да ги достават во писмена форма непосредно преку приемното одделение на Основниот суд Виница или по пошта на адреса Основен суд Виница ул.„Бел Камен" бб, Виница, (со назнака за Јавен оглас бр.1/2023 за избор на судии поротници).

Пријава и Изјава може да превземете во електронска форма од веб страната на Основен суд Виница www.osvinica.mk или лично во приемно одделение на Основен суд Виница.

Претседател на суд,
Сузана Спасова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА